Врз основа на член 19 алинеа 7 и член 30 став (8) од Законот за електронските комуникации (Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 135/25, 269/25, 132/26), по предлог на директорот на Агенцијата за електронски комуникации, број 0501-28/1 од 29.06.2026 година, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 29.06.2026 година донесе:

# ОДЛУКА

## За користење на нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2025 година

I

Нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2025 година, кои произлегуваат од Годишната завршна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година, при што се утврдени вишок финансиски средства од минати години во износ од 167.859.332,00 денари, се пренесуваат во Годишниот финансиски план за 2026 година а дел од нив се распределуваат на следниве расходни и приходни ставки:

II

РАСХОДНА СТАВКА 430 – ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА НА ДРУГИ СУБЈЕКТИ
430990 – Други трансфери -- зголемување за 7.646.984,00 денари

Приходна ставка Средства за доплата на обврска по член 31 од Законот за електронски комуникации – зголемување за 7.646.984,00 денари

III

Стручните служби на Агенцијата за електронски комуникации да изработат измена и дополнување на Годишниот финансиски план за 2026 година и истиот да го достават на одобрување до Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзинето донесување.

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр. 21 тел.: 02 3289 200
1000 Скопје факс: 02 3224 611
Република Македонија е-пошта: contact@aek.mk

Образложение

Согласно член 30 став (8) од Законот за електронски комуникации (Службен весник на Република Македонија бр. 135/25, 269/25 и 132/26) е утврдено дека „Нереализираните средства од финансискиот план на Агенцијата од претходната година, Агенцијата ќе ги пренесе во финансискиот план за наредната година, при што може да одлучи тие средства, или дел од нив, да се искористат за развој на електронските комуникации и информатичкото општество, како и за други работи од значење за Република Македонија, утврдени со финансискиот план на Агенцијата“.

При разгледувањето на доставениот предлог од Директорот на Агенцијата, Комисијата врз основа на член 19 алинеа 7 и член 30 став (8) од Законот за електронски комуникации донесе Одлука како во диспозитивот.

Агенција за електронски комуникации

Комисија

Проф. Др. Орце Симов, претседател

Наш број 1102-29/4

29.06.2026 година

www.aek.mk

Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија

тел. 02 32 89 200
факс 02 32 24 611
е-пошта contact@aek.mk